# Биографски податоци за проф. д-р Горан Ајдински

Роден на ден 13. VI 1968 год. во Скопје. Основно и средно медицинско училиште има завршено во Скопје.

По отслужувањето на воениот рок, се запишал на Дефектолошкиот факултет - група ментална ретардација на Универзитетот во Белград (учебна 1988/89). Дипломирал на Дефектолошкиот факултет во Белград на 1. XI 1992 год. Истата година се запишал на последипломски студии на групата за ментална ретардација, а ги завршил со одбрана на магистерска работа под наслов „Рано откривање, дијагноза и третман како претпоставка за успешна рехабилитација на ментално ретардираните лица“ на 16. XII 1994 год. и се стекнал со научен степен магистер по дефектолошки науки.

Во периодот 1993-1995 работел како наставник во ПОУ „Д-р Златен Сремец“ за ученици со лесни пречки во психичкиот развој, во Скопје.

Во почетокот на 1995 година бил избран и се вработил како помлад асистент на студиите по дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Во текот на 1996 година бил избран во звањето асистент (по предметите Структурална дефектологија и Методика на ран третман и предучилишно воспитание на децата со пречки во развојот). Докторската дисертација под наслов „Карактеристи во развојот на лесно ментално ретардираните ученици во однос на постигнатиот успех на училиште“ ја одбрани на ден 13. VI 1998 год. на Дефектолошкиот факултет во Белград и се стекнал со научен степен доктор по дефектолошки науки.

Во звањето доцент е избран во текот на месец февруари 1999 година по предметите Структурална дефектологија и Дефектолошка дијагностика. Во декември 2003 година е избран во звањето вонреден професор по предметите Основи на дефектологија, Структурална дефектологија и Дефектолошка дијагностика. Во ноември 2008 е избран во звањето редовен професор по научните области: општа дефектологија, олиогофренологија и дефектолошка дијагностика.

Од периодот 2001-2005 година бил раководител на Институтот за дефектологија.
Од периодот 2005-2009 година бил раководител на Советот на последипломски студии на Институтот за дефектологија.

Во периодот 2009-2017 година ја вршеше функцијата Декан на Филозофскиот факултет во Скопје.

Член е на комисијата за меѓународна соработка на Филозофскиот факултет.

## 1. Образовна, научна и стручна дејност

Со измена на Наставната програма на Институтот за специјална едукација и рехабилитација согласно ЕКТС ја изведува наставата по предметите:
- Рана интервенција и едукација на деца со интелектуална попреченост;
- Процена на психомоторен развој

Изведува настава на Институтите за педагогија и психологија по предметите:
- специјална педагогија и
- специјална психологија

Активно учествува во работата и наставата на последипломските и докторските студии на Институтот за специјална едукација и рехабилитација.

Ментор е на повеќе дипломски работи. Учествувал како член на комисии во одбрани на повеќе магистерски и докторски дисертации. Бил ментор на две докторски дисертации и ментор на четири магистерски работи од областа на интелектуалната попреченост на Институтот за специјална едукација и рехабилитација.

По покана на факултетот за психологија на Универзитетот „La Sapienza" во Рим (јуни 2006, септември 2006, декември 2008, декември 2009 и декември 2010, декември 2017 и декември 2019) има одржано предавања за додипломски и постдипломски студии од областа на дијагностиката на лицата со пречки во развојот и менталната ретардација.
Има одржано предавања во редовни основни училишта и детски градинки и невладини организации од областа на дефектолошката теорија и практика.

Учествувал во подготовките и изработката на наставните планови и програми на Институтот за дефектологија. Учествувал во комисијата за изработка на новите студиски програми I и II циклус на Филозофскиот факултет.
Учествувал во подготовките за отварање на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет на Државниот Универзитет во Тетово и изработката на дел од студиските програми.

Учествуваше во подготовката и реализацијата на Договорот за Научно-стручна соработка помеѓу Универзитетот „La Sapinza" во Рим, AGH Универзитетот во Краков, Полска и Универзитетот George Mason во САД со Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје.
Учествуваше во подготовката и реализацијата на Договорите за соработка помеѓу Филозофскиот факултет и Факултетот за педагогија ПАБО-Арнхем во Холандија, Факултетот за Специјална педагогија во Благоевград, Дефектолошкиот факултет во Белград и други специјализирани научни установи и институции.

Бил на студиски престој на неколку универзитети во европските земји: Холандија - Универзитетот во Утрехт, 1997; Бугарија на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Софија 1999; Германија - Универзитетот во Кобленц - Оддел за ортопедагогија 2002; Холандија - Универзитетот во Нијемеген, на факултетот ПАБО-Арнем 2004, 2005; 2008; Германија - Универзитетот во Келн

на Факултетот за ортопедагогија 2004; Бугарија на Факултетот за Специјална педагогија во Благоевград 2005; Холандија - Универзитетот во Амстердам на факултетот за едукација, 2008; Италија -Универзитетот во Рим „Sapinza" на Факултетот за психологија 2006, 2007, 2008,2009.
Има посетено стручни установи и научни институции кои работат на полето на рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот во Холандија, Германија, Италија, Франција, Унгарија, Хрватска, Србија и Бугарија.
Член е на Сојузот на дефектолози на Република Македонија и Македонското научно здружение за аутизам - МНЗА преку кои учествуваше во организацијата на повеќе конференции и научно-стручни собири.

Беше Претседател на Организациониот одбор на меѓународната конференција по повод 10 години од студиите по дефектологија во Македонија: "Новини во воспитанието, образованието и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот" во Охрид, 20-23 септември, 2003 година.
Член бил на повеќе комисии во избор на научни звања на колеги и стручњаци кои се занимаваат со научна дејност од областа на дефектолошката теорија и практика.

Учествуваше во комисијата за изготвување на публикациите:
1. Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, Министерство за образование и наука, Скопје, 2006
2. Стандарди за ефективно инклузивно училиште, како проектна активност на УНИЦЕФ и Министерство за образование и наука.
Неколку години учествуваше во подготовките и реализација на приемните испити на Филозофски факултет како член во Комисијата за техничка обработка на податоци.

Добитник е на државната награда „Св. Климент Охридски„ 8 декември 2015, во областа на образованието.

## ПРОЕКТИ

- Кординатор на проектот Темпус „Во Фокус" за Македонија 2002-2005;

- Координатор е на проектот за Инклузивно образование и студиска размена за Македонија помеѓу Универзитетот „La Sapienza" во Рим и Филозофскиот факултет од 2006 година, до 2009 година;

- Учествуваше во проектот Темпус - Фаре за подготовка на специјални педагози на Институтот за специјална педагогија на Универзитетот во Софија (Институтот за дефектологија беше партнер во проектот) 1998-2000.

- Учествуваше во проектот за Рана интервеција на деца до 6 годишна возраст со оштетен вид, помеѓу Специјализираната институција „Bartimeus" од Холандија, Заводот за рехабилитација на деца со оштетен вид „Димитар Влахов" и Институтот за дефектологија 1998-2000.

- Член на стручниот тим во проектот - Едукативни и социјални активности со

деца од Специјалниот завод во Демир Капија насочени кон деинституционализација, Институт за дефектологија - Филозофски факултет, финансиран од канцеларијата на УНИЦЕФ 2001-2005;

- Член на стручниот тим во проектот за обука на наставници во редовните училишта - Министерство за образование и наука и Институтот за педагогија 2006-2007;

- Координатор е на проектот за Инклузивно образование и студиска размена за Македонија помеѓу Универзитетот „Sapienza" во Рим и Филозофскиот факултет 2006-2012;

- Член на работна група за проектот „Сеопфатно сексуално образование"-ХЕРА 2012-2014;

- „Подобрување на универзитетските програми за сеопфатно сексуално образование" – Филозофски факултет и Рутгерс Институтот, Холандија 2014-2015;

- Експерт за проект од Erasmus+ програмата „Developing new software for psychomotor reeducation of children with autism" (декември 2020 – декември 2022);

- Истражувач во рамките на проектот „Situation Analysis on Early Childhood Intervention in the Republic of North Macedonia" (декември 2021 – јуни 2022);

- Истражувач во проект од Erasmus+ програмата „Updating university curricula on Early Intervention (UPDEIT)" (февруари 2022 – април 2024).

## 2. Настап на домашни и меѓународни конгреси, Симпозиуми и семинари и советувања

- Симпозиум „Децата и младината со пречки во развојот во СР Југославија", ноември 1993 година, Белград. „Резултати од ситражувањето од дефектолошката дијагностика на ментално ретардираните деца во Македонија";
- Семинар (предавање) за обука на волонтери кои им помагаат на децата со пречки во развојот, март 1995, Скопје;
- Конгрес на психијатри, мај 1995 година, Охрид, Македонија. „Некои согледувања за дијагностицирањето на ментално ретардираните деца во Македонија".
- Прв симпозиум за рана детекција, дијагностика, третман и предучилишно на деца со пречки во развојот, ноември 1996 година, Струга, Македонија. „Раната дијагностика како детерминирачки фактор за стручен рационален и ефикасен третман на децата со пречки во развојот" (коавторство);

- Семинар организиран од првата Дртска амбасада во светот за работа на С.О.С. телефонот за деца и млади, април 1997 година, Скопје. Предавање за децата со прели во развојот и нивните карактеристики;
- I научно-стручен дефектолошки конгрес, ноември 1998, Белград. „Процена на сознајните функции кај лесно ментално ретардираните ученици";
- Меѓународна конференција Дефектолошки денови на Југославија, Херцег Нови, 2000 година. „Терминологија што се употребува за лицата со хендикеп";
- Семинар (предавање) за волонтери на невладина организација за реализирање на проект за помош на лица со хендикеп, 2000 година, Скопје, Филозофски факултет;
- Собир по повод денот на хендикепираните на Филозофскиот факултет, 2001 година. „Значењето на 3 Декември, Меѓународнинот ден на хедикеприаните";
- Семинар организиран од страна на ГТЗ за проектот: Унапредување на згрижувањето и третманот на хендикепираните деца во Охрид, април 2002 година. „Улогата на дефектологот во дијагностицирањето на лицата со пречки во развојот";
- Меѓународна конференција во Бугарија, септември 2002 година. „Едукацијата на дефектолошки кадри во Република Македонија" (коавторство);
- Меѓународна конференција организирана од страна на Институтот за дефектологија „Новини во воспитанието, образованието и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот, септември 2003, Охрид, Македонија. „Примена на терминологијата за лицата со хендикеп во светот и кај нас" (коавторство); и „10 години студии по дефектологија во Р. Македонија";
- Меѓународна конференција - Effect of Developmental-compensatory program in practice to children with severe mental retardation (Ajdinski, Petrov, Takasmanova, Kopacev), 27-29 мај 2004 година, Лил, Франција;
- Меѓународна конференција - The current state of protection, education and rehabilitation and new tendencies in work with children with developmental disabilities in the Reublic of Macedonia (Ajdinski G), 14-15 November 2005, Blegrade, Serbia;
- Семинар за инклузивно образование – Деца со пречки во психичкиот развој – карактеристики и очекувања, 28-30 септември 2005 година, Струга, Македонија;
- Конференција за проектот ТЕМПУС – The organization of the Institute of special education and rehabilitation in Republic of Macedonia, април 2005 година, Филозофски факулте, Скопје;
- Меѓународна конференција – Un contributo di cooperazione interuniversitaria tra L`Italia e La Macedonia in tema di integrazione scolastica dei disabili (Ajdinski G., Carleschi A., Di Sarno V.l, Langher V., Petrov.R), 8-10 June 2006, Padova, Italy;
- Тркалезна маса – Терминологија која се користи кај лицата со хедикеп, Клуб на пратеници, Скопје, 2006 година;
- Конференција по повод 15 години Институт за дефектологија: Улогата на дефектологот во институционалниот и вонинституционалниот третман на деца со посебни образовни потреби, Компетенции на дефектолозите во предучилишните установи, посебните училишта, редовните училишта и рехабилитационите установи, 2008 година, Скопје;

- 12 Интернационална конференција за инклузивно образование во Балканските земји, политики и практики, Охрид, 2009;
- Меѓународна конференција 60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Р. Македонија, Битола, 2010;
- Меѓународен научен симпозиум „Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото" Охрид, 2011;
- Меѓународна конференција: Рана интервенција и развојни пореметувања, Сојуз на дефектолози на Р.М. и Здружение на педијатари на Македонија, Охрид, 2011 година;
- Меѓународен научно стручен собир „Инклузивно образование-состојба и предизвици", Струмица, Р. Македонија, 2012 година;
- Тркалезна маса за терминологија, Национално координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност, 2013;
- Четврта меѓународна конференција „Современи аспекти на специјалната едукација и рехабилитација на лица со инвалидност", Скопје, Р. Македонија, 2014,
- YICER YILDIZ International Conference on Educational Research and Social Studies September 01-03, 2014
- Шеста меѓународна конференција „Унапредување на квалитетот на живот на децата и младите" 19-21.06.2015, Охрид Македонија
- Обуки на наставници си соработници за инклузивно образование прку Невладината организација Јуридика Прима во периодот од 2018-2019 година
- V Меѓународна конференција „Трансформација кон одржливо и флексибилно општество за лицата со инвалидност", Охрид, Р. Македонија, 2018
- Денови на дефектологија, Меѓународна конференција – Воведно излагање и модератор на пленарни предавања, Белград, Србија 2020
- Меѓународна конференција „Науката и општеството: Придонесот на хуманистичките и општествените науки", септември 2020 година, Струга, С. Македонија
- Обуки онлине преку Невладината организација Дислексија Ајнштајн 2021 април за карактеристики на учениците со интелектуална попреченост
- Логоледско-дефектолошко-психолошки конгрес преку Гаспар – центар за психофизичко здравје, април 2022 година
- Меѓународна научна конференција со наслов „75 години Институт за педагогија – Воспитно-образовни предизвици и перспективи", мај 2022, Охрид.